РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-713/3
05.05.2020 год.
ЛОЗОВО

9 May
Europe Day

Врз основа на Одлуката бр.0901-713/1 од 05.05.2020год за распишување на ЈАВЕН КОНКУРС за ,,Денот на Европа – 9 Мај, општина Лозово распишува литературен и ликовен конкурс Мотивот е поврзан со Европската унија и Решение бр. 0901-713/2 од 05.05.2020год. за формира Комисија за најдобри литерартурни и ликовни творби по повод Денот на Европа-9 Мај во општина Лозово, поврзани со Европската Унија,донесено од Градоначалникот на Општина Лозово, Претседателот на комисијата на ден 05.05.2020год објавува:

# ЈАВЕН КОНКУРС

**за изработка на литерартурни и ликовни творби по повод Денот на Европа-9 Мај во општина Лозово, поврзани со денот на Европската Унија.**

**Цел на конкурсот:**

Конкурсот се распишува со цел да се стимулира детското литературно и ликовно творештво, да се поттикне креативноста кај младите и да се зајакне љубовта кон татковината и пристапот на нашата држава кон Европската Унија.

**Услови :**

1)Право на учество имаат сите ученици од О.О.У Методи Митевски-Брицо од Лозово.
(Темата треба да е претставена со оригинални литературни или ликовни творби кои претходно не се објавувани и не учествувале на други конкурси).

2). Литературните творби (поезија или проза) треба да бидат напишани на Македонски јазик

3) Техниката на изработка на ликовните творбите е по слободен избор на учениците.

4).За најдобри литерартурни и ликовни творби по повод Денот на Европа-9 Мај во општина Лозово, поврзани со Европската унија ќе одлучува Комисија која е формирана од Градоначалникот на Општина Лозово.

5) Градоначалникот на Општина Лозово ќе додели три награди за најуспешна литературна творба и три награди за најуспешна ликовна творба.

Во прилог на творбата, секој заинтересиран учесник ликовна творба да ја потпише со име презиме, да наведе одделение, ментор . Творбите се доставуваат до Општина Лозово на ул.„Маршал Тито " бб, најдоцна до 09.05.2020 година до 11:00час. со назнака за Комисија за најдобри литерартурни и ликовни творби по повод Денот на Европа-9 Мај во општина Лозово, поврзани со Европската унија или на email:opstinalozovo@opstinalozovo.gov.mk

Покровител на овој Награден Конкурс е Градоначалникот на општина Лозово, г – дин Ацо Велковски

Дата
05.05.2020год.

Изготвил и Одобрил:Општина Лозово
Секретар
Петре Цилаков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЛОЗОВО

Општина Лозово
Претседател на комисија
Александар Јакимовски